**ЗАПИСНИК**
**од 15-та седница на Советот**
**одржана на 11.08.2010 година**

**Присутни членови на Советот:** Зоран Стефаноски, м-р Милаим Фетаи, м-р Алма Машовиќ, акад. Бојан Шоптрајанов, м-р Борис Арсов, акад. Али Алиу, Бранко Радовановиќ и Столе Наумов.

**Отсутни:** / проф. д-р Томе Груевски, најавено и оправдано отсуство

**Присутни од Стручна служба:** Андриана Скерлев – Чакар, Арѓент Џелили, Арбен Саити, Борче Маневски, Горан Радуновиќ, Драгица Љубевска, Огнен Неделковски, Симе Златевски, Слободан Беличански.

На почетокот на седницата, претседателот на Советот Зоран Стефаноски предложи под Разно, Дневниот ред да се дополни со следниве две точки:

- Одлука за набавка на климатизер за Секторот за истражување и долгорочен развој;
- Информација во врска со плаќање на надоместокот за дозвола за вршење радиодифузна дејност од страна на субјектите ТРД К-15 Минус ДООЕЛ Скопје, ТРД БМ Телевизија ДООЕЛ Скопје и ТРД Зајди – Зајди ДООЕЛ Скопје;

Предлогот беше прифатен од членовите на Советот и за 15-та седница беше утврден следниот

**Д н е в е н   р е д**

1. Верификација на мандатот на двајца членови на Советот за радиодифузија на РМ.
2. Усвојување на Записникот од 11-та седница на Советот за радиодифузија на РМ, одржана на 11 јуни 2010 година.
3. Предлог-Одлука за доделување дозволи за вршење радиодифузна дејност (телевизија) на регионално ниво.
4. Предлог-Одлука за повторување на јавното наддавање за продажба на движна ствар: патничко моторно возило марка 1_A1\1C1A К 2.0 1_S.
5. Информација за барањето на ТРД ТВ А2 Телевизија ДОО Скопје за согласност за промена на сопственичка структура.
6. Разно.
   - Одлука за набавка на климатизер за Секторот за истражување и долгорочен развој;
   - Информација во врска со плаќање на надоместокот за дозвола за вршење радиодифузна дејност од страна на субјектите ТРД К-15 Минус ДООЕЛ Скопје, ТРД БМ Телевизија ДООЕЛ Скопје и ТРД Зајди – Зајди ДООЕЛ Скопје;

**Точка 1**

Советот го верификуваше мандатот на м-р Борис Арсов, дипл. ел. инг. и м-р Алма Машовиќ, дипл. маш. инг. Двајцата нови членови неодамна беа избрани од Собранието на Република Македонија, на предлог на овластени предлагачи. Напредокот во спроведувањето на дигитализацијата на аналогниот радиодифузен сектор во земјата, создавањето одржлив медиумски пазар, спроведувањето на европски стандарди во медиумскиот сектор, како и слободата на говорот и медиумите ќе бидат во фокусот на работата на Арсов и на Машовиќ.

**Точка 2**

Записникот од 11-та седница на Советот за радиодифузија на РМ, одржана на

11 јуни 2010 година, беше усвоен со забелешка во Точка 25 наместо зборовите „предлогот на Столе Наумов за критериумот „вложување и развој“ да има 10 бода“ да стојат зборовите „предлогот на Столе Наумов предност да се даде на кандидат кој ќе понуди странски инвестиции, односно кој има странски партнер“. Записникот беше усвоен со 6 (шест) гласа „за“ и 2 (двајца) воздржани - м-р Борис Арсов и м-р Алма Машовиќ - со оглед на тоа што тие не учествуваа во работата на 11-та седница на Советот.

Претседателот на Советот предложи во иднина во текстот на записниците од седниците на Советот да не се интегрираат стенограмски белешки, освен во случаите кога се инсистира на издвојување на нечие мислење или став, што беше прифатено од останатите членови на Советот.

**Точка 3**

Во рамките на оваа точка, Советот расправаше за Конкурсот за доделување дозволи за вршење радиодифузна дејност (телевизија) на регионално ниво. Одлуката за распишување на Конкурсот е донесена на 11-та седница на Советот, одржана на 11 јуни 2010 година, по што е објавена во „Службен весник на РМ“ (на 21 јуни 2010 година), на веб-страницата на Советот и во два дневни весника. Рокот за пријавување на кандидатите, согласно Одлуката за распишување конкурс, беше 35 дена од првиот нареден ден од денот на објавување на Одлуката, односно заклучно со 26 јули 2010 година.

Обврската за регионализација произлегува од Стратегијата за развој на радиодифузната дејност 2007-20012. На изготвувањето на Стратегијата и претходеа детални истражувања на телевизискиот пазар и во неколку наврати беа одржани консултативни средби со претставници од локалните радиодифузери со цел овој процес да се одвива непречено. Воедно, Советот констатираше дека локалниот медиумски пазар е премногу фрагментиран, а бројот на субјекти е преголем споредено со потенцијалот на огласувачката индустрија, што значеше дека Советот треба да ги подобри условите за работа на локалниот и регионалниот телевизиски пазар. Процесот на регионализација, на оние радиодифузери коишто според квалитетот на нивната програма, кадар и воопшто целокупното работење го надминале локалното подрачје што го покриваат, треба да им обезбеди пошироко подрачје на опфат со радиодифузен сигнал, а во насока на нивно поефикасно и економски поисплатливо работење.

Во врска со распишувањето на Конкурсот за доделување дозволи на регионално ниво до Советот, пристигна претставка од Здружението на локални и регионални медиуми ЗЕЛМ и Мислење од Комисијата за заштита на конкуренцијата на РМ по барањето на ТРД Телевизија Тиквешија ДООЕЛ од Кавадарци. Забелешките од ЗЕЛМ се однесуваат на транспарентноста на Советот и „сериозни нарушувања во постапката“, поради што бараат одложување на постапката. За разлика од ЗЕЛМ, ТРД ТВ Тиквешија има забелешка за еден од критериумите врз чија основа ќе се оценува Пријавата: „12.5 Оценката на пријавите од аспект на должината на радиодифузниот стаж, сметано од денот на доделувањето на концесијата или дозволата за вршење радиодифузна дејност – 15 бода“. ТВ Тиквешија смета дека со воспоставувањето на овој критериум, Советот го прекршува член 55 став 2 од Уставот на РМ, односно правото на рамноправност и еднаквост на сите граѓани, дискриминирајќи ги сите телевизии во Македонија кои се неодамна започнати со работа. Комисијата за заштита на конкуренцијата смета дека „вреднувањето на радиодифузниот стаж само по себе не претставува проблем, но ваквото вреднување треба да биде пропорционално и да не води кон дискриминација на новите учесници на пазарот“.

Советот заклучи за критериумот за должината на радиодифузниот стаж да побара мислење од Министерството за правда и Секретаријатот за законодавство и следната седница на Советот да се одржи во понеделник, на 16 август 2010г., со почеток во 11:00 часот. Воедно, по барање на членот на Советот м-р Борис Арсов, Стручната служба доби задолжение до одржувањето на споменатата седница да се преиспита дали член 42 став 3, член 43 став 2 и член 48 став 1 алинеја 6 и 7 се правилно применети при изготвувањето на Општите, технички, продукциски, програмски и други услови за доделување дозволи за вршење радиодифузна дејност за телевизиски програмски сервис на регионално ниво за пренос преку постоен аналоген терестријален предавател, јавни комуникациски мрежи и дигитална

терестријална мрежа, за радиодифузните региони: РР-1, РР-2, РР-3, РР-4, РР-5, РР- 6, РР-7 и РР-8.

**Точка 4**

Со оглед на тоа што на јавното наддавање, одржано на ден 17.05.2010 година за продажба на движна ствар: патничко моторно возило марка LANČIA K 2.0 LS, во сопственост на Советот за радиодифузија немало учесник, Советот одлучи да се повтори јавното наддавање. Вредноста на движната ствар ќе се намали за 20%, од почетната цена на јавното наддавање утврдена во Огласот бр.02-1237/2 од 22.04.2010 година ("Сл. весник на РМ" бр.57/2010), - 2.600 евра, во денарска противредност 159.900,00 денари, и истата намалена изнесува 2.080 евра, во денарска противредност 129.920,00 денари. Огласот ќе биде објавен во "Службен весник на Република Македонија" и во 2 (два) весника: 1 весник на македонски јазик и 1 весник на јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат јазик различен од македонскиот.

**Точка 5**

Советот ја разгледа Информацијата за барањето на ТРД ТВ А2 Телевизија ДОО Скопје за согласност за промена на сопственичката структура. Имено, побарана е согласност за истапување на правното лице Трговско радиодифузно друштво А1 ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ од Скопје, во сопственост на физичкото лице Велија Рамковски со адреса на ул.„Бојмија„ бр.1/1-5 во Скопје и пренос на уделот на ова правно лице на физичкото лице Жаклина Ѓорѓиевска, со адреса на ул.„Васил Главинов„ бр.3/7-19 во Скопје. Имајќи предвид дека физичкото лице Жаклина Ѓорѓиевска не се јавува како основач на други трговски друштва во Република Македонија, што значи не се создава недозволена медиумска концентрација, Советот одлучи да издаде одобрение за промена на сопственичката структура на ТРД ТВ А2 ТЕЛЕВИЗИЈА ДОО од Скопје.

**Точка 6**

Во рамките на оваа точка Советот донесе две одлуки:

1. За потребите на Секторот за истражување и долгорочен развој да се набави климатизер, при што ќе се води сметка климатизерот да биде со вклучен инвертор;

2. Да се одземат дозволите за вршење на радиодифузна дејност на следниве субјекти кои вршат радиодифузна дејност телевизија преку сателит: ТРД К-15 Минус ДООЕЛ Скопје (бр. 07-3481/1), ТРД БМ Телевизија ДООЕЛ Скопје (07-3468/1) и ТРД Зајди – Зајди ДООЕЛ Скопје (бр.07-348/1). Ваквата одлука Советот ја донесе бидејќи наведените субјекти и покрај укажувањата на Советот за радиодуфузија за плаќање на надоместокот за вршење радиодифузна дејност, немаат извршено уплата. Од друга страна, на овој начин се избегнува натамошно зголемување на долгот кој радиодифузерите го имаат кон Советот за радиодифузија, бидејќи согласно доделената дозвола се приближува рокот за издавање на нови фактури кои се однесуваат на периодот од 15 август 2010 заклучно со 15 август 2011 година.

**Бр. 02-2497/10**
**05.11.2010 година**
**С к о п ј е**

**Совет за радиодифузија на РМ**
**П р е т с е д а т е л,**
**Зоран СТЕФАНОСКИ, с.р.**

**Записникот го водеше,**
**Драгица ЉУБЕВСКА**

**ЗАПИСНИК**
**од првото продолжение на 15-та седница на Советот**
**одржано на 16.08.2010 година**

**Присутни членови на Советот:** Зоран Стефаноски, м-р Милаим Фетаи, м-р Алма Машовиќ, акад. Бојан Шоптрајанов, м-р Борис Арсов, акад. Али Алиу, Бранко Радовановиќ и Столе Наумов.

**Отсутни:** проф. д-р Томе Груевски, најавено и оправдано отсуство

**Присутни од Стручна служба:** Андриана Скерлев – Чакар, Огнен Неделковски, Арѓент Џелили, Емилија Јаневска, Борче Маневски, Горан Радуновиќ, Драгица Љубевска, Симе Златевски и Слободан Беличански.
**Други присутни:** Гордана Миловска, претставник на ЗЕЛМ.

Седницата ја водеше Претседателот на Советот Зоран Стефаноски и за неа едногласно беше усвоен следниот

**Д н е в е н   р е д**

1. Предлог-Одлука за доделување дозволи за вршење радиодифузна дејност (телевизија) на регионално ниво.

**Точка 1**
На почетокот на седницата беше разгледана Правната анализа на Конкурсот за доделување на дозволи за вршење радиодифузна дејност (Телевизија) на регионално ниво, подготвена од Слободан Беличански. Според таа правна анализа, нема правни пречки да се спроведе постојниот конкурс за доделување дозволи за вршење радиодифузна дејност (телевизија) на регионално ниво, распишан врз основа на Одлука на Советот за радиодифузија бр. 07-145 од 21.06.2010 година. Пред Советот беше поставена дилемата: да одложи конкурсот за доделување дозволи за вршење радиодифузна дејност (телевизија) на регионално ниво, да се поништи конкурсот за доделување дозволи за вршење радиодифузна дејност (телевизија) на регионално ниво или пак да се однесе друга одлука за распишување конкурс за доделување дозволи за вршење радиодифузна дејност (телевизија) на регионално ниво? Потоа Преседателот на Советот даде увод и посети на обврската на Советот за раегионализација, која произлегува од Стратегијата за развој на радиодифузната дејност 2007-20012. Потоа отвори расправа. Прв побара збор членот на Советот, Бориос Арсов, кој рече дека смета дека не е транспарентно водена постапката на распишување конкурс за доделување дозволи за вршење радиодифузна дејност (телевизија) на регионално ниво. Тој исто така истакна дека не постои јавно истражување пред распишувањето на конкурсот за доделување дозволи за вршење радиодифузна дејност (телевизија) на регионално ниво и дека Стратегијата е само алиби за распишување на овој конкурс. Тој рече дека конкурсот е спротивен на член 45 став 1 од ЗРД, а воедно се крши и член 43 став 2 од ЗРД. Тој рече дека Општите услови не содржат упатство за пополнување на пријавите, а потенцираше дека со Конкурсот се прекршува и член 55 став 2 од Уставот на Република Македонија. Тој рече дека со предвидените 15 бодови за радиодифузен стаж, се врши дискриминација на кандидатите во Конкурсот. Борис Арсов побара да се поништи Конкурсот и да се почне нов. Тој истакна дека сака да се заврши процесот на регионализација, но да се

сменат критериумите и да бидат еднакви условите за сите кандидати. Потоа реплицираше Претседателот на Советот, Зоран Стефаноски кој детално објасни дека постапката за распишување конкурс за доделување дозволи за вршење радиодифузна дејност (телевизија) на регионално ниво е крајно транспарентно водена и ги повтори сите активности на Советот во смисла на подготвување на радиодифузерите за процесот на регионализација. Потоа збор побара членот на Советот Бојан Шоптрајанов, кој рече дека и да има нов конкурс, повторно мора да има во него некакви услови, некакви критериуми, според кои Советот ќе треба да одлучува. Потоа збор побара членот на Советот, Столе Наумов кој рече дека нема да повторува што кажа порано за процесот на регионализација, но истакна дека неговиот став останува ист. Тој рече дека е за процесот на регионализација, но дека критериумите треба да бидат исти за сите. Тој рече дека ова е конкурс преку кој треба да се селектираат радиодифузерите кои добро работат. Тој потенцираше дека Советот не треба да им даде дозвола на тие радиодифузери кои тоа не го заслужуваат. Потоа збор побара членот на Советот, Бранко Радовановиќ, кој рече дека членовите на Советот треба да бидат многу одговорни пред самите себе и ја постави дилемата: правно или праведно? Тој истакна дека е потребно време и дека смета дека треба да се направи посета на сите радиодифузери, при која ќе се утврди дали тие работат согласно условите во нивната дозвола за вршење радиодифузна дејност. Заменикот на Претседателот на Советот, Милаим Фетаи рече дека регионализацијата е сериозна работа и добро е што Советот на ова прашање му пристапува мошне сериозно. Тој рече дека смета дека Конкурсот ги исполнува стандардите. Тој напомена дека новите колеги внесоа нов начин на гледање на работите и истакна дека не треба да има никакви поделби помеѓу членовите на Советот, туку треба да се одлучи рационално. Потоа членот на Советот, Борис Арсов рече дека постојат одредени аномалии во Конкурсот, кои тој ќе ги достави во писмена форма и кои смета дека треба да се отстранат од Конкурсот. Тој потенцираше дека не сака да прави раздор во Советот и дека не е против процесот на регионализација. Тој рече дека Конкурсот треба да се поништи и да се остранат аномалиите во него, за да не даде можност Советот некој да го тужи. Тој рече дека треба да постојат рамноправни услови за сите радиодифузери.

Потоа Претседателот на Советот, Зоран Стефаноски го стави предлогот на Борис Арсов за поништување на конкурсот и распишување нов Конкурс, на гласање. "За" овој предлог гласаа Борис Арсов, Алма Машовиќ и Милаим Фетаи, а воздр`ан беше Столе Наумов. Другите членови беа против предлогот на Борис Арсов за поништување на конкурсот и распишување нов Конкурс. Потоа ченовите на Советот гласаа за вториот предлог: да се продолжи конкурсната постапка и да се одложи одлучувањето за некоја следна седница. ."За" овој предлог гласаа Зоран Стефановски, Милаим Фетаи, Бојан Шоптрајанов, Бранко Радовановиќ и Али Алиу. Воздржан беше Столе Наумов, а протиив гласаа Борис Арсов и Алма Машовиќ.

Потоа Советот го донесе следниот заклучок: Со оглед на дилемата која се постави пред Советот за радиодифузија: дали постојат нејаснотии при примената на член 45 став 1, член 43 став 2 и член 48 став 1 точка 7 од Законот за радиодифузната дејност, Советот го задолжи Секторот за правни работи и Слободан Беличански да подготват и достават допис до Министерстото за транспорт и врски, во кој ќе побараат мислење во однос на примената на горенаведените членови. Доколку Министерстото за транспорт и врски, како надлежно министерство смета дека постојат нејаснотии при примена на член 45 став 1, член 43 став 2 и член 48 став 1 точка 7 од Законот за радиодифузната дејност, да побара од Собранието на РМ автентично толкување на тие членови од Законот. Воедно, со оглед на дилемата која се постави пред Советот за радиодифузија во врска со уставноста на точка 12.5 од Општите, техничките, продукциските, програмските и другите услови за доделување дозволи за вршење радиодифузна дејност за емитување и пренос на телевизиски програмски сервиси на регионално ниво преку постоен аналоген терестријален предавател, јавни комуникациски мрежи и дигитална терестријална мрежа, а во врска со член 55 став 2 од Уставот на РМ, Советот го задолжи Секторот за правни работи и Слободан Беличански да подготват и достават барање до Уставниот суд на РМ за толкување на член 55 став 2 од Уставот на РМ во однос на точка 12.5 од Општите, техничките, продукциските, програмските и другите услови за доделување дозволи за вршење радиодифузна дејност за

емитување и пренос на телевизиски програмски сервиси на регионално ниво преку постоен аналоген терестријален предавател, јавни комуникациски мрежи и дигитална терестријална мрежа.

| | |
|---|---|
| **Бр. 02-2497/11** | **Совет за радиодифузија на РМ** |
| **05.11.2010 година** | **П р е т с е д а т е л,** |
| **С к о п ј е** | **Зоран СТЕФАНОСКИ, с.р.** |

**Записникот го водеше,**
**Огнен Неделковски**

**ЗАПИСНИК**
**од второто продолжение на 15-та седница на Советот**
**одржано на 24.09.2010 година**

**Присутни членови на Советот:** Зоран Стефаноски, м-р Милаим Фетаи, м-р Алма Машовиќ, акад. Бојан Шоптрајанов, м-р Борис Арсов, акад. Али Алиу, Бранко Радовановиќ и Столе Наумов.

**Отсутни:** / проф. д-р Томе Груевски, најавено и оправдано отсуство

**Присутни од Стручна служба:** Андриана Скерлев – Чакар, Огнен Неделковски, Арѓент Џелили, Емилија Јаневска, Борче Маневски, Горан Радуновиќ, Драгица Љубевска, Симе Златевски и Слободан Беличански.
**Други присутни:** /

Седницата ја водеше Претседателот на Советот Зоран Стефаноски и за неа едногласно беше усвоен следниот

**Д н е в е н  р е д**

1. Предлог-Одлука за доделување дозволи за вршење радиодифузна дејност (телевизија) на регионално ниво.

**Точка 1**

Советот за радиодифузија не донесе одлука по Конкурсот за доделување дозволи за вршење радиодифузна дејност (телевизија на регионално ниво), распишан со Одлука на Советот за радиодифузија бр. 07-145 од 21.06.2010 година, објавена во Службен весник на РМ бр. 82/2010, во рамките на законскиот рок од 60 дена, пропишан во член 52 од Законот за радиодифузната дејност („Службен весник на РМ бр. 100/2005, 19/2007,103/2008,152/2008 и 6/2010), кој завршува на ден 24.09.2010 година, и со оглед на овој факт, конкурсната постапка се смета за завршена. Советот ја задолжи Стручната служба да започне со подготовка на документација за распишување на нов конкурс за доделување на дозволи за вршење радиодифузна дејност (телевизија на регионално ниво), при што ќе ги земе во предвид мислењата од сите институции до кои се обрати Советот за радиодифузија и кои се изјаснија во врска со конкурсната документација по Конкурсот, распишан со Одлука за објавување на конкурс за доделување дозволи за вршење радиодифузна дејност (телевизија на регионално ниво) на Советот за радиодифузија бр. 07-145 од 21.06.2010 година. Учесниците на Конкурсот по кој не се донесе одлука, доколку конкурираат на следниот

конкурс за доделување дозволи за вршење радиодифузна дејност (телевизија на регионално ниво), имаат право да учествуваат со веќе приложената документација, при што им се признаваат уплатените средства за подигање на конкурсна документација, со обврска да пополнат и достават нова пријава и дополнителна документација како последица на евентуално променетите конкурсни услови. Учесниците на Конкурсот по кој не се донесе одлука, доколку не конкурираат на следниот конкурс за доделување дозволи за вршење радиодифузна дејност (телевизија на регионално ниво), имаат право да бараат враќање на уплатените средства за подигање на конкурсна документација. Советот го задолжи Слободан Беличански во соработка со Секторот за правни работи, да подготви Писмено известување, согласно член 221 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на РМ бр. 38/2005 и 110/2008) и да го испрати до сите ученици на Конкурсот за доделување дозволи за вршење радиодифузна дејност (телевизија на регионално ниво), распишан со Одлука на Советот за радиодифузија бр. 07-145 од 21.06.2010 година.

**Бр. 02-2497/12**
**05.11.2010 година**
**С к о п ј е**

**Совет за радиодифузија на РМ**
**П р е т с е д а т е л,**
**Зоран СТЕФАНОСКИ, с.р.**

**Записникот го водеше,**
**Огнен Неделковски**